## Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

**Член 1**

Во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/11, 148/13, 41/14, 130/14 и 53/16), во членот 3 став (5) точка 5) во алинејата 4 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 5 сврзникот „и“ се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:
„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“.

Точката 6) се брише.

Во ставот (6) точка 5) во алинејата 4 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

Во алинејата 5 сврзникот „и“ се заменува со сврзникот „или“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:
„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“.

Точката 6) се брише.

**Член 2**

Одредбите од членот 3 став (5) алинеја 5 и став (6) алинеја 5 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/11, 148/13, 41/14, 130/14 и 53/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 3 став (5) и точка 5) и став (6) се дополнуваат со нови алинеи 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

**Член 3**

Претседателот и членовите кои се избрани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивниот избор.

На претседателот и членовите кои нема да го исполнат условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во став 1 на овој член им престанува мандатот.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.